Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11)„ како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по географија за VII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ГЕОГРАФИЈА

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Скопје, август 2014

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. ВОВЕД

Наставниот предмет кој го проучува подрачјето на географската наука се изучува во третиот период (VII, VIII и IX одделение) на деветгодишното основно образование.

Следејќи ја научната, односно стручната систематика и научната терминологија, како и карактеристиките на учениците и наставниот процес, наставните програми по географија се замислени така што ги развиваат содржините од помалку сложени кон посложени (длабочината и широчината на знаењата се зголемува со возраста на учениците).

Прочувањето на географијата како наставен предмет има за цел да им овозможи на учениците да стекнуваат основни знаења за Земјата, значењето и поврзаноста на природните елементи и општествените појави и процеси во современиот свет, развивање и негување на географскиот начин на мислење и развивање на социјалноафективни способности на ученикот.

Наставната програма по предметот *географија* се надоврзува на претходно совладаните наставни програми по природа, општество, природни науки, и природни науки и техника.

Наставниот предмет географија се изучува како задолжителен наставен предмет со 2 часа неделен фонд (72 часа годишно) во VII, VIII и IX одделение. Наставата по географија треба да се изведува според следните принципи:

- поучување насочено кон учењето на ученикот;
- поттикнување на самостојно учење и истражување на секој ученик и преку заедничко учење во група;
- почитување на принципите на активната настава;
- постојано следење на напредувањето на секој ученик од страна на наставникот и давање на редовни информации за напредувањето;
- самооценување на сопственото напредување на секој ученик.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД VII ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- Да го збогати лекси;киот фонд со нови поими кои ‘е ги употребува во говорот;
- Да се оспособи во правилно разбирање на поставените прашања и давање потполни одговори
- да се оспособува да ги запознава основните универзални законитости и поими на географијата како наука;
- да ја разбира поврзаноста на географијата со природните и општествените наставно - научни дисциплини;
- да стекнува претстава и да усвојува знаења за објектите, појавите и процесите преку конкретни примери;
- да се воведува во соодветна стручна терминологија од областа на географијата со разбирање на значењето;
- да го разбира и применува размерот, техниките и инструментите за ориентација на физичките и стопанските карти;
- да открива и прикажува факти за изворите, формите, состојбите и промените во просторот;
- да ги анализира и поврзува природните и општествените фактори како елементи за развојот на просторот;
- да претставува бројчани податоци во вид на дијаграми, табели, скици и да умее да ги интерпретира во наставата;
- да изработува и предлага план за изработка на тематски карти и истражувачки активности;
- да усвојува знаења и вештини за развивање на географско – просторната логика;
- да стекнува знаења за географските карактеристики на Р. Македонија;
- да стекнува знаења за Р. Македонија, како и за други држави како општествено-политички заедници;
- да стекнува знаења за разместеноста на растителниот и животински свет во Р. Македонија;
- да стекнува знаења за географските карактеристики на континентите, региите и државите во светот;
- да стекнува знаења за разместеноста на растителниот и животинскиот свет на Земјата;
- да стекнува знаења за народите и државите во светот (карактеристики, сличности и разлики);
- да ги сфаќа основните принципи за заштитата на животната средина;
- да се поттикнува на критичко мислење и да го спротивставува своето мислење со мислењето на другите;
- да се поттикнува на егзактни ученички истражувања за природните објекти, процесите и појавите;
- да покажува активно учество во работата на групата и во дискусиите;
- да се оспособува да користи ИКТ во наставата и учењето на географијата.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VII ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да стекне знаења за географијата на Република Македонија и нејзината местоположба во непосредното опкружување – Балканот, Европа и Светот;
- да стекнува знаења за природно-географските карактеристики на Република Македонија (географска положба, релјеф, клима, хидрографија, растителен и животински свет);
- да стекнува знаења за социо-географските карактеристики на Република Македонија (население, населби);
- да стекнува знаења за стопанско-географските карактеристики на Република Македонија.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА: ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА Р. МАКЕДОНИЈА - 28 часа | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се запознае со местоположбата на Р. Македонија (непосредно опкружување, нејзините граници и гоголемина);<br><br>- да се оспособува да ги именува соседните држави и да дава опис на граничната линија;<br><br>- да се оспособува да ја опишува релјефната структура на РМ;<br>- да се оспособува ги објаснува разликите помеѓу старите грамадни и млади верижни планини;<br>- да стекнува знаења за просторот од источно-вардарската група планини и котлини;<br>- да стекнува знаења за композитната долина на реката Вардар;<br>- да стекнува знаења за пелагонискиот со шарскиот предел;<br><br>- да стекнува знаења за климатските фактори и влијанието врз просторот; | **Географска положба**<br>- Географска и сообраќајна положба<br>- Граници и големина<br><br>**Релјеф**<br>- Релјефна структура и општи карактеристики на релјефот на РМ<br>- Источно-вардарска група планини и котлини<br>- Повардарје или ниска Македонија<br>- Пелагониска област<br>- Шарски планински предел<br><br>**Клима**<br>- Климатски фактори<br>- Карактеристики и специфичности на метеоролошките елементи и климатските типови во Р. Македонија | Граница<br>Гранична линија<br>Граничен премин<br>Етнички<br>Република<br><br>Релјефна структура<br>Родопски предел<br>Верига<br>Било<br>Композитна долина<br>Клисура<br>Тектоника<br>Јама<br>Пештера<br>Вулкански релјеф<br><br>Време<br>Клима<br>Температура<br>Врнежи<br>Термометар<br>Целзиус<br>Барометар | - Набљудување, користење на физичката карта на Р. Македонија за опис на граничната линија.- Изработка на скици – тематска карта за поставеноста на соседните држави.- Набљудување на карта и користење на видео записи и ЦД за структурата на релјефот. - Групирање на собраните нагледни и пишани материјали за релјефот.<br>- Изработка на релјефна карта (работа со тесто, глина или пласелин)<br>- Идентификација на релјефна карта на поимот композитна долина на реката Вардар.<br>- Разговор за настанокот и изгледот на шарскиот предел.<br><br>- Посета на метеоролошка станица.<br><br>- Изработуваат климатски карти со графикони за климатските типови во Р. Македонија.<br>- Континуирано водење на дневник за временските карактеристики во местото на живеење. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се запознава со настанувањето и значењето на подземните води и изворите;<br>- да стекнува знаења за хидрографијата во Р. Македонија;<br>- да се оспособува да ги покажува на карта реките и речните сливови;<br>- да стекнува знаења за стопанското значење на езерата;<br><br>- да го сфаќа значењето на природните фактори за територијалната разместеност на растителниот и животинскиот свет;<br><br>- да стекнува знаења за класификацијата на почвите и нивното стопанско значење во Р. Македонија;<br>- да стекнува знаења за меѓузависноста на кимата, водите, живиот свет и почвите. | **Хидрографија**<br><br>- Подземни води и извори<br><br>- Реки и речни сливови<br><br>- Езера<br><br>**Растителен и животински свет**<br><br>- Растителен свет<br><br>- Животински свет<br><br>**Педолошки состав**<br><br>- Типови почви и нивната територијална разместеност во Р. Македонија | Хидрографија<br>Извор<br>Врело<br>Речен слив<br>Речно корито<br>Притока<br>Устие<br>Речен режим<br>Водостој<br>Понорница<br><br>Пасишта<br>Четинари<br>Барска вегетација<br>Алги<br><br>Педологија<br>Алувијални почви<br>Подзол<br>Смолница<br>Хумус<br>Црвеница | - Демонстрација на изработени тематски карти, хидрограми за водостојот и речниот режим на поголемите реки.<br>- Разгледување фотографии и ЦД за сливот на реките Вардар и Црн Дрим.<br><br>- Разговор со учениците за видовите растителни и животински заедници и нивната територијална разместеност.<br>- Изработуваат албум од видови растенија и животни кои се среќаваат во Р. Македонија со посебен дел за примери кои не постојат и не опстануваат на овие простори.<br>- Изработуваат листа на податоци за стопанското значење на некои видови растенија и животни.<br><br>- Изработување збирка од различни видови почва.<br>- Користење на компјутер, Интернет и компакт дискови со географска содржина.<br>- Реализација на теренска настава во непосредна близина на населеното место. |

| ТЕМА: СОЦИО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА Р. МАКЕДОНИЈА - 12 часа | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се запознава како природните и другите фактори влијаеле на населувањето на просторот од Р. Македонија;<br>- да се оспособува да ги интерпретира основните демографски карактеристики преку изработените шеми, графикони и дијаграми;<br>- да се запознава со миграциските движења на македонското население надвор од границите на Р. Македонија;<br>- да се запознава со територијалната поделба и локалниот географски простор во Р. Македонија;<br><br>- да се запознава со основната поделба на населените места;<br>- да се запознава со основните одлики на градска населба;<br>- да се оспособува да ги покажува на карта градските населби и да ги идентификува според картографскиот знак за бројот на жители;<br>- да се запознава со основните географски карактеристики на градот Скопје како главен град на Р. Македонија;<br>- да се запознава со физиономијата и демографската слика на селата. | **Население**<br>- Населување<br><br>- Демографски карактеристики:<br>движење на населението, густина, природен прираст и структура на населението (полова, старосна и етничка)<br><br>-Миграциони движења<br><br>- Територијална поделба и локален географски простор<br><br>**Населби**<br>- Функционален развој и физиономски одлики на населбите<br><br>- Градски и селски населби Во Р. Македонија | Густина на население<br>Природен прираст<br>Миграции<br>Емиграција<br>Имиграција<br><br>Административен<br><br>Урбана средина<br>Рурална средина<br><br>Разбиен тип | - Разгледување карта за демографските карактеристики во Р. Македопнија.<br>- Демонстрација на тематски карти за густината и природниот прираст во одделни региони.<br>- Изработка на графикони за движењето на населението, за половата, старосната и етничката структура.<br>- Истражување, анализа и изработка на тематска карта за разместеноста на македонското население надвор од границите на Р. Македонија.<br><br>- Истражување на разликите во функционалноста и физиономијата помеѓу градските и селските населби.<br>- Изработка на фотоалбум од собрани фотографии за Скопје, Битола, Тетово, Охрид итн.<br>- Посета на блиско село или помало место и изготвување на фото извештај. |

| ТЕМА: СТОПАНСКО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА Р. МАКЕДОНИЈА - 32 часа | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се запознае со природните фактори и општествено-економските услови за развој на стопанството;<br>- да се запознае како природните фактори влијаат на развојот на стопанството;<br>- да се запознае со стопанските гранки и нивното производство;<br><br>- да се запознае со карактеристиките на земјоделството како примарна стопанска гранка;<br>- да се запознае со полјоделското производство и класифицирањето на полјоделските производи;<br>- да се запознае со реонизацијата на полјоделските култури во Р. Македонија;<br>- да се запознае со производството на овошните и лозовите насади;<br>- да се запознае со сточарството и шумарството;<br><br>- да се оспособува да ги покаже на карта хидроцентралите во РМ;<br>- да стекнува знаења за наоѓалиштата и производството на јаглен во РМ;<br>- да стекнува знаења за други извори на енергија што можат да се користат. | **Стопанство и стопански гранки во Р. Македонија**<br>- Влијанието на природните фактори и општествено-економските услови за развој на стопанството.<br>- Стопанство и стопанските гранки денес<br><br>**Земјоделство**<br>- Општи карактеристики на земјоделието и земјиштен фонд<br>- Полјоделство<br>- Овоштарство и лозарство<br>- Сточарство и сточен фонд<br>- Шумарство, лов и риболов<br><br>**Енергија и рудни наоѓалишта**<br>- Обем и разместеност на хидроенергетскиот потенцијал<br>- Наоѓалишта и производство на јаглен<br>- Други извори на енергија | Стопанство<br>Стопански гранки<br><br>Земјоделство<br>Земјиштен фонд<br>Полјоделство<br>Овоштарство<br>Лозарство<br>Сточарство<br>Сточен фонд<br>Шумарство<br><br>Енергија<br>Хидроенергија<br>Енергетски потенцијал<br>Соларна енергија | Истражување за влијанието на природните фактори и општествено-економските услови за развој на стопанството.<br>- Набљудување и анализа на стопанска карта за разместеноста и густината на стопанските гранки.<br><br>- Изработка на тематски карти за разместеноста на полјоделството, овоштарството и лозарството.<br>- Истражување: овошјето, виновата лоза и нивната преработка во производствените капацитети.<br>- Посета на сточарска фарма или производствен погон за млеко и млечни производи или друг вид на производствен погон од прехрамбена индустрија.<br>- Изработка на постери за разместеноста на шумскиот фонд.<br><br>- Разговор со учениците за значењето на енергијата за развојот на стопанството.<br>- Изработка на тематски карти за разместеноста на енергетските потенцијали во Р. Македонија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се запознае со поделбата на индустриските гранки (тешката и лесна индустрија);<br>- да се запознае со неколку позначајани индустриски гранки во РМ;<br>- да се запознае со занаетчиството и градежништво во Р. Македонија;<br><br>- да стекнува основни знаења за сообраќајот како услужна дејност;<br>- да се запознава со факторите за развој и ширење на сообраќајната мрежа;<br>- да го сфаќа значењето на одделни сообраќајни гранки;<br><br>- да стекнува основни знаења за трговијата како услужна дејност;<br>- да се запознава со значењето на трговската размена со другите земји во светот;<br><br>- да стекнува основни знаења за туризмот како услужна дејност;<br>- да се запознава со факторите за развој на туризмот;<br>- да стекнува знаења за карактеристиките на најпознатите места на летниот и зимски туризам во РМ. | **Индустрија**<br>- Основни карактеристики на индустријата и индустриски гранки<br>- Тешка базична индустрија<br>- Индустрија за широка потрошу вачка во РМ<br>- Занаетчиство и градежништво<br>**Сообраќај**<br>- Критериуми, погодности и принципи за формирањето на сообраќајната мрежа<br>- Сообраќајни гранки<br>**Трговија**<br>- Внатрешна и надворешна трговија<br>**Туризам**<br>- Фактори за развој на туризмот и туристички места во Р. Македонија | Базична индустрија<br>Индустрија за широка потрошувачка<br>Занаетчиство<br>Градежништво<br><br>Сообраќајна мрежа<br>Сообраќајни гранки<br><br>Трговија<br>Експорт-извоз<br>Импорт-увоз<br><br>Туризам<br>Угостителство | - Демонстрација на фотографии, графикони и др. прикази за производствените индустриски капацитети.<br>- Посета на фабрика<br><br>- Разгледување на прибран материјал за занаетчиството и градежништвото во минатото и денес.<br>- Посета на градежен објект и занает;иски работилници.<br>- Разговор со учениците за погодностите и негативните фактори за развој на сообраќајната мрежа.<br>- Изработка на тематска карта за густината на сообраќајната мрежа.<br><br>- Разгледување на слајдови и ЦД прикази од туристички пејзажи и објекти.<br><br>- Посета на познат туристички објект во непосредна близина. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Во наставната програма е дадено ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини. Сепак, наставниот кадар треба самостојно да го планира часовниот фонд за целосно и успешно реализирање на поставените цели од програмата. Составот на учениците во паралелките е изразито хетероген заради што наставникот треба да практикува строго диференциран и индивидуализира пристап во рамките на реализацијата на наставата. Ваквиот приод е во функција на индивидуалните специфични потреби што секако ќе резултира со развивање на индивидуалните потенцијали и максимални академски постигнувања на учениците со оштетен слух.

Во контекст на ова наставниците кои ја реализираат наставата треба да;

- при изготвувањето на планирањето да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка (доколку индивидуалните карактеристики, можности и способности на учениците во паралелката го дозволува тоа)
- За учениците чиј степен и попреченост не дозволува следење на планираните цели, содржини и активности , наставникот треба да планира парцијална партиципација во рамките на целите, содржините и активностите кои се реализираат во паралелката.
- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување на интерен индивидуален образовен план.

Се препорачува користење на следниве наставни средства:

- учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- други извори на учење во непосредната околина – објекти и појави во природата;
- енциклопедии, атласи и сл.;
- Интернет, образовни софтвери;
- списанија;
- аудио-визуелни средства.

Современата дидактичка технологија во наставата по географија покрај користењето на разни географски карти, дава исклучителни можности за користење на компјутерот, односно широка примена на геоинформатиката во наставата

по географија. Сепак, согледано според возраста на учениците како најпродуктивно наставно сретдство ќе биде користењето на физичко-географската карта на Република Македонија, користење на релјефна карта на Република Македонија, потоа физичка карта на Балкански Полуостров и Европа, користење на административно-територијална карта на Република Македонија, на стопанска карта на Република Македонија, користење на разни тематски карти за Република Македонија (геолошка, хидролошка, педолошка, сообраќајна, туристичка и сл.). Исто така, во наставата може да се користат и немите карти, географска читанка, прирачник по географија, разни проспекти итн.

Природата на оштетувањето преферира користење на мултимедијлни приоди за визуелно претставување на содржините. При обраќањето важо е да се избегнува вртење со грб кон учениците. Посебно за оние ученици кои се потпираат на читање од уста. Како метод на комуникација потребно е да се применува тоталната метода на комуникација, што ќе даде соодветно место на користење на знаковниот јзик . На тој начин усвоените нови поими ќе претставуват надоградување и проширување на веќе стекнатите поими. Интерпретацијата и описите од страна на учениците неопходно е да бидат поттикнувани од стрна на наставникот на начин кој одговара на индивидуалните карактеристики на ученикот. Изразувањето може да биде и преку илустративни методи, изработки на шеми, графикони итн. Употребата на имиња и цифрени податоци треба да биде сведена на разумно ниво.

По секоја изведена активност, опсервација, односно по секоја обработка на нова тема со учениците со слушно оштетување потребно е пренесување на хартија на ново усвоените информации поими или пак своите размислувања (корелација со македонски јазик). При тоа интеграцијата на географијата со другите наставни предмети ќе се остварува во сите ситуации во кои е присутна поголема поврзаност на содржините.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и се вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Исто така, редовно се врши информирање на секој ученик, како и на родителите за напредувањето на ученикот. Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

Се препорачува да се користат следниве начини за следење, проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми.

- усно;
- практично (обиди, вежби сл.);
- учество во истражување и презентација.
-

Учениците се оценуваат со бројчана оценка.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по географија за VII ( седмо) одделение  може да ја изведува лице кое завршило:

- студии по географија, наставна насока, 7/1; (со - дефектолошка дообразба)
- ПА или ВПШ, група историја и географија( со дефектолошка дообразба кои веќе реализираат настава во основните училишта)
- филизофски факултет – Институт за дефектологија, диполмиран дефектолог;

## 9. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2014 година

## Потпис и датум на утврдување на наставната програма

Адаптираната наставната програма по геограгија за VII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Министер

______________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор Ивица Гиевски, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-14387/1 од 10.09.2014 година
Скопје